ОПШТИНА БОСИЛОВО
Бр.12-57/10
02.07.2021 година

Врз основа на член 123 став 1, член 126 став 1 како и член 138 став 8 и 9, а во врска со членовите 126 и 127 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15, 192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18), по Известувањето за исполнување на обврските од оперативниот план согласно Дозволата за усогласување со оперативен план бр.08-801/5 од 23.06.2011 година и Измена и дополнување на барање за издавање на Б-Интегрираната еколошка дозвола со бр. 03-142 од 23.02.2021 година на АД за неметали „ОГРАЖДЕН"-Струмица-површински коп и сепарација Хамзали, с.Хамзали 2431 Босилово, Градоначалникот на општина Босилово донесе:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ИЗДАВА** Б-Интегрирана еколошка дозвола за инсталацијата **АД за неметали „ОГРАЖДЕН"-Струмица-површински коп и сепарација Хамзали, с.Хамзали 2431 Босилово**.
2. **Се задолжува АД за неметали „ОГРАЖДЕН"-Струмица-површински коп и сепарација Хамзали, с.Хамзали 2431 Босилово**, да постапува во согласност со условите и обврските дефинирани во оваа дозвола.
3. Б-интегрираната еколошка дозвола ќе се објави во дневен печат, во рок од 15(петнаесет) дена од денот на издавањето, на сметка на барателот.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

По поднесено барање за добивање на Дозвола за усогласување со оперативен план бр.08-801/1 од 04.04.2011 год, Градоначалникот на општина Босилово на ден 23.06.2011 година донесе Решение за издавање Дозвола за усогласување со оперативен план бр. 08-801/5 на инсталацијата АД за неметали „ОГРАЖДЕН"-Струмица-површински коп и сепарација Хамзали, с.Хамзали 2431 Босилово.

Барателот врши дејност: ископ, дробење, мелење, сеење на минерална суровина-фелдспат од површински коп со проектиран капацитет од 30 000 тони/годишно каде

согласно член 122 од Законот за животна средина („Сл. весник на РМ" бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 83/09, 47/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 42/14, 44/15, 129/15,192/15, 39/16, 28/18, 65/18 и 99/18) и согласно Уредбата за определување на активностите на инсталациите за кои се издава интегрирана еколошка дозвола (Сл.Весник на РМ бр.89/05) во која спаѓа во Прилог 2, Точка 3.2. Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, задолжително подлежи на добивање Б-интегрирана еколошка дозвола.

Согласно обврските во издадената Дозвола, Операторот вршеше мониторинг на загадувачките материи во воздухот како и на интензитетот на бучавата и редовно ги доставуваше (еднаш годишно) извештаите од извршени еколошки мерења до општина Босилово. Операторот до општина Босилово достави Известување за исполнување на услови од Дозволата за усогласување со оперативен план со бр. 12-57/1 од 14.01.2021 година.

На ден 25.01.2021 година извршен е увид во инсталацијата од страна на овластен инспектор за животна средина и во присуство на претставник од одделението за комунални дејности и заштита на животната средина при што е изготвен записник за констатација од извршениот увид ИП1 Бр.12-01.

Согласно на записникот се донесе Заклучок со бр.12-57/3 од 08.02.2021 година со кое се бара дополнување.

Барателот достави дополнување по однос на заклучокот со бр.12-57/5 од 13.04.2021 година.

По разгледување на дополнувањето, надлежниот орган за издавање Б-интегрирана еколошка дозвола согласно член 123 став 1 од Законот за животна средина утврди дека барањето е комплетно.

Надлежниот орган на ден 17.05.2021 година изготви Нацрт дозвола со бр.12-57/6.

Надлежниот орган ја објави Нацрт дозволата во дневен печат на ден 21.05.2021 година и на веб страната на општина Босилово, согласно член 122 став 4 и член 107 став 13 од Законот за животна средина, а со цел консултирање на јавноста.

На ден 25.06.2021 извршен е завршен увид во инсталацијата од страна на овластено службено лице на надлежниот орган согласно со член 9 од Правилникот за постапката за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола, при што е изготвен записник за извршен увид бр.ИП1 бр.12-44 од со кој се констатира дека се исполнети условите за издавање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Надлежниот орган по завршувањето на целокупната постапка и согласно надлежностите кои произлегуваат од член 123 став 1 и член 126 став 1 од Законот за

животна средина, утврди дека барателот ги исполнува условите за добивање на Б-интегрирана еколошка дозвола.

Б-интегрираната еколошка дозвола има важност 7 години. Истата подлежи на ревизија при што доколку има потреба условите зададени во неа ќе се изменат. Најдоцна една година пред истекот на временската рамка, операторот е должен да поднесе барање за обновување на дозволата.

Б-инегрирана еколошка дозвола ќе се објави на веб страната на Општина Босилово и во еден дневен весник во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на издавањето, при што објавата во дневниот весник е на трошок на барателот, согласно член 113 и член 122 став 4 од законот за животна средина.

Врз основа на горенаведеното надлежниот орган одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА**: Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 15 дена до органот на државната управа надлежен за работите од областа на животната средина.

Решено во Општина Босилово под број 12-57/10 од 02.07.2021 година.

Доставено до:

- Архива на општина Босилово.
- АД за неметали „ОГРАЖДЕН“-Струмица-површински коп и сепарација Хамзали, с.Хамзали 2431 Босилово.
- Овластен инспектор за животна средина.

Општина Босилово
Градоначалник,
Зоран Зимбаков